**Народна банка на Република Македонија**
Дирекција за статистика

# Извештај за меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија за 2006 година

Декември, 2007 година

## 1. Методолошки објаснувања

Меѓународната инвестициона позиција претставува статистички извештај кој ја прикажува состојбата и структурата на финансиските побарувања (средства) на резидентите од нерезидентите и финансиските обврски на резидентите кон нерезидентите кои произлегуваат од нивното меѓусебно работење. Со други зборови, меѓународната инвестициона позиција претставува биланс на состојба на меѓународните финансиски средства и обврски на една земја во определен датум, најчесто на крајот на годината.

Меѓународните финансиски средства на земјата ги сочинуваат директните и портфолио инвестициите на резидентите правни и физички лица во други земји вклучително и инвестициите во финансиски деривативи, останатите инвестиции на резидентите во странство во вид на одобрени заеми и кредити, девизните средства на резидентните банки кај странските комерцијални банки, како и официјалните девизни резерви. Меѓународните финансиски обврски на земјата ги сочинуваат обврските по директните и портфолио инвестициите на нерезидентите правни и физички лица во земјата вклучително и инвестициите во финансиски деривативи, обврските по останатите инвестиции на нерезидентите во земјата во вид на користени заеми и кредити и обврските по депозитите на странските правни и физички лица кај резидентните банки. Со ваквата дефиниција на меѓународните финансиски средства и обврски, при составувањето на меѓународната инвестициона позиција на една земја, се има за цел да се опфатат сите побарувања и обврски на резидентите од една земја од/кон третите земји настанати врз основа на капитални и други финансиски инвестиции. Оттаму, меѓународните финансиски обврски претставуваат поширока категорија од бруто надворешниот долг на една земја.

Разликата помеѓу вкупните меѓународни финансиски средства и обврски ја дава нето меѓународната инвестициона позиција на една земја. Односно, нето меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија е разлика помеѓу инвестициите на резидентите кај нерезиденти (нејзините меѓународни средства) и инвестициите на нерезидентите кај резиденти (нејзините меѓународни обврски).

Извештајот за меѓународната инвестициона позиција на една земја содржи стандардни компоненти дефинирани во петтото издание на Прирачникот за билансот на плаќање на Меѓународниот монетарен фонд (Balance of Payments Manual (IMF 1993)) и во водичот за извори на податоци за меѓународната инвестициона позиција (International Investment Position - A guide to data Sources (IMF 2002)). Притоа, постојат три нивоа на класификација на компонентите. *Првото ниво* на класификација во извештајот за меѓународната инвестициона позиција е разликување и поделба на средства и обврски. *Второто ниво* на класификација е всушност класификација по вид на инвестиции и е во целост конзистентно со финансиската сметка на платниот биланс. Согласно оваа класификација средствата и обврските се делат на: директни инвестиции, портфолио инвестиции, финансиски деривативи и останати инвестиции. На страната на средствата се вклучени и меѓународните официјални резерви на монетарната власт. *Третото ниво* на класификација е по инструменти на инвестирање, при што портфолио инвестициите и останатите инвестиции се понатаму поделени по сектори на националната економија (монетарна власт, општа влада, банки и останат сектор). Исто така, компонентите на останатите инвестиции (заеми и кредити) се класифицирани и по рочност.

*Директните ивестиции* се вложувања со кои инвеститорот има намера да воспостави трајна економска поврзаност и/или да оствари право на управување со

правното лице во кое инвестира. Притоа, како критериум за дефинирање на директните инвестиции, согласно меѓународните препораки и стандарди, се користи минимално учество од 10% во капиталот или одлучувачко право на глас во правното лице во кое се инвестира. Директните инвестиции го вклучуваат акционерскиот капитал, реинвестираната добивка и долгот на меѓусебно поврзаните субјекти. Извор на податоци за директните инвестиции за составување на меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија, се прашалниците - извештаите за состојбата и прометот на поврзаните субјекти кои до НБРМ на годишна основа ги доставуваат сите правни лица-резиденти за вложувањата во и од странство.

*Портфолио инвестициите* ги опфаќаат вложувањата во должнички хартии од вредност и во сопственички хартии од вредност, каде инвеститорот поседува помалку од 10% од акционерскиот капитал или нема одлучувачко право на глас. За составување на меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија, извор на податоци за вложувањата во сопственички хартии од вредност се годишните прашалници - извештаи за состојбата и прометот на поврзаните субјекти, а за вложувањето во должнички хартии од вредност се користат податоците од платниот промет на деловните банки со странство (согласно Извештајниот систем за меѓународните трансакции), извештаите за работи со хартии од вредност од овластените учесници на Македонската берза, како и базата на податоци на Централниот депозитар на хартии од вредност. За пресметка на пазарната вредност на хартиите, се користат податоците за пазарните цени од Македонската берза на хартии од вредност.

*Останатите инвестиции* ги опфаќаат средствата и обврските врз основа на краткорочни и долгорочни финансиски и трговски кредити и заеми, валути и депозити и останати средства и обврски. Согласно Прирачникот за платен биланс на ММФ, под трговски кредити се подразбираат побарувањата и обврските кои произлегуваат од комерцијално работење на резидентите со странство (по основ на извоз/увоз на стоки и услуги, авансно плаќање и сл.). За составување на меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија, извор на податоци за трговските кредити се кварталните извештаи за побарувања и обврски по комерцијално работење на резидентите со странство (образец КИПО), а за финансиските кредити и заеми се користи кредитната евиденција со странство (образец КЗ и КО). Валутите и депозити ги опфаќаат депозитите кои резидентните банки ги држат во странство, односно обврските на резидентните банки кон нерезидентите. Извори на податоци за оваа ставка се месечните извештаи за сметководствената состојба на сметките од комерцијалните банки и платниот промет на банките со странство.

Согласно меѓународните препораки во делот на статистиката, меѓународната инвестициона позиција е дел од сетот на макроекономски статистики (покрај монетарна статистика, платнобилансна статистика, национални сметки, фискална статистика), кој земјите во процесот на имплементација и усогласување со овие препораки го имплементираа/имплементираат откако ќе се подготват и постават другите макроекономски статистики. Со изготвувањето на Извештајот за меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија, како целосен извештај согласно меѓународните стандарди, Република Македонија се приклучува кон групата на земји редовни изготвувачи и известувачи на овој стандарден извештај. Извештајот за меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија редовно ќе се доставува до ММФ, а во иднина и до ЕЦБ согласно регулативата со која се бара изготвување и доставување на овој извештај.

Развивањето на методологија и информативна база за изготвување на меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија, покрај потребата за задоволување на меѓународните препораки и стандарди, произлезе и од потребата за подобро детерминирање и разбирање на меѓународните економски односи на земјата со остатокот на светот (преку утврдување на состојбата на меѓународните финансиски средства и обврски на земјата т.е. структурата и обемот на директните и портфолио инвестиции во земјата и во странство, меѓународните официјални резерви, како и структурата и обемот на надворешната задолженост). Овој извештај дава можност за проценка на финансиската кондиција на земјата, како и проценка на економската интеграција на домашната економија во меѓународни рамки.

## 2. Анализа на меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија во 2006 година

Во 2006 година беше прекината тенденцијата на зголемување на негативното салдо на меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија присутна во претходните две години. Имено, негативното салдо на меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија (пресметана како разлика од меѓународните средства и обврски) на крајот на 2006 година изнесуваше 1.878,5 милиони евра, што е за 5,1% (99,8 милиони евра) помалку во однос на крајот од 2005 година.

Табела 1
Меѓународна инвестициона позиција на Република Македонија

(во милиони евра)

| | | | | Годишна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2004** | **2005** | **2006** | **2005** | **2006** |
| **Нето меѓународна инвестициона позиција** | **-1,836.6** | **-1,978.4** | **-1,878.5** | **7.7** | **-5.0** |
| | | | | | |
| **Меѓународни средства** | **1,589.4** | **2,081.7** | **2,472.7** | **31.0** | **18.8** |
| Директни инвестиции во странство | 39.9 | 52.6 | 30.1 | 32.0 | -42.7 |
| Портфолио инвестиции | 3.0 | 3.1 | 3.2 | 1.7 | 3.3 |
| Останати инвестиции | 829.6 | 903.1 | 1,022.7 | 8.9 | 13.2 |
| Меѓународни официјални резерви | 716.9 | 1,122.9 | 1,416.7 | 56.6 | 26.2 |
| **Меѓународни обврски** | **3,426.0** | **4,060.1** | **4,351.2** | **18.5** | **7.2** |
| Директни инвестиции во Р. Македонија | 1,610.2 | 1,769.0 | 2,098.6 | 9.9 | 18.6 |
| Портфолио инвестиции | 52.7 | 232.2 | 278.3 | 340.9 | 19.9 |
| Останати инвестиции | 1,763.1 | 2,058.9 | 1,974.3 | 16.8 | -4.1 |

Намалувањето на негативното салдо на меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија во 2006 година се должи на поинтензивниот пораст на меѓународните средства (пораст од 18,8%, главно поради високиот пораст на меѓународните официјални резерви од 26,2%) во однос на порастот на меѓународните обврски (пораст од 7,2%, главно поради повисокиот износ на странски директни инвестиции во земјата). Учеството на негативното салдо на меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија во бруто домашниот производ во 2006 година изнесува околу 38% (во 2005 година ова учество изнесуваше околу 42%).

**Прилог 1**

**Анализа на меѓународната инвестициона позиција на поодлени земји**

Заради компаративна анализа на меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија, во продолжение е дадена анализа на меѓународната инвестициона позиција на поодлени земји.

Меѓународната инвестициона позиција во евро зоната на крајот на 2006 година имаше негативен предзнак и изнесуваше 1.024 милјарди евра, што претставува учество од околу 12% од бруто домашниот производ во евро зоната. Истовремено, речиси двојно поголемо негативното салдо на меѓународната инвестициона позиција бележат САД (2.539 милјарди САД долари, или околу 19% од бруто домашниот производ на САД).

Табела 2
Меѓународна инвестициона позиција на поодлени земји*
(на нето основа)

| | 2005 | | 2006 | |
|---|---|---|---|---|
| | во милјарди евра | %од БДП | во милјарди евра | %од БДП |
| Евро зона | -811.0 | 10% | -1,024.0 | 12% |
| САД | -2,238.0 | 18% | -2,539.0 | 19% |
| Словенија | -3.2 | 11% | -5.2 | 17% |
| Хрватска | -20.4 | 65% | -30.1 | 88% |
| Бугарија | -9.4 | 43% | -13.2 | 53% |
| Македонија | -2.0 | 42% | -1.9 | 38% |

*Извор: ЕЦБ, ММФ, интернет страници на централни банки и сопствени пресметки.

Земјите од регионот, исто така, имаат негативни салда на нивните меѓународни инвестициони позиции, при што, кај најголем дел од нив во 2006 година е регистрирано значајно зголемување на негативното салдо. Така, на крајот на 2006 година во Словенија ова негативно салдо изнесува 5.213 милиони евра (околу 17% од бруто домашниот производ), што е за 2.041 милион евра (64%) повисоко во однос на 2005 година. Релативно високиот пораст на негативното салдо на меѓународната инвестициона позиција во Словенија главно произлегува од зголемувањето на користените заеми од странство (во најголем дел користени од страна на банките) и од зголемувањето на обврските на банките во Словенија по основ на депозити на нерезиденти. Позначајно учество во состојбата на меѓународните обврски имаат користените кредити и заеми од странство (16,9 милјарди евра) и странските директни инвестиции во земјата (6,8 милјарди евра). На страната на меѓународните средства, позначајно учество имаат меѓународните официјални резерви (5,4 милјарди евра), портфолио инвестициите на резидентите во странство (5,1 милјарда евра) и валутите и депозитите на резидентите во странство (5,2 милјарди евра, од кои банките 1,4 милјарди евра).

Во Хрватска, исто така, е регистриран релативно висок пораст на негативното салдо на меѓународната инвестициона позиција во 2006 година од околу 9.697 милиони евра, со што тоа достигна 30.084 милиони евра, или околу 88% од бруто домашниот производ на Хрватска. Релативно повисокото негативно салдо на

меѓународната инвестициона позиција на Хрватска во најголем дел произлегува од повисокиот износ на странски директни инвестиции во земјата. Имено, на крајот на 2006 година состојбата на странските директни инвестиции во Хрватска изнесува околу 20,7 милјарди евра, што е за 8,4 милјарди повеќе во однос на крајот на 2005 година. Покрај странските директни инвестиции во земјата, значајна ставка на страната на меѓународните обврски на Хрватска претставуваат и користените заеми од странство, кои на крајот на 2006 година достигнаа износ од околу 16.8 милјарди евра (за 2,8 милјарди евра повеќе во однос на крајот на 2005 година). Од друга страна, во рамки на меѓународните средства најзначајно учество имаат меѓународните официјални резерви (околу 8,7 милјарди евра) и валутите и депозитите кои резидентите ги држат во странство (околу 4,5 милјарди евра).

Во Бугарија, негативното салдо на меѓународната инвестициона позиција на крајот на 2006 година изнесува 13,2 милјарди евра, што е за 3,8 милјарди евра поголемо негативно салдо во однос на крајот на 2005 година. Зголеменото негативно салдо во 2006 година во најголем дел се должи на зголемениот износ на странски директни инвестиции во Бугарија за 4,5 милјарди евра, со што достигнаа износ од околу 16 милјарди евра на крајот на 2006 годона. На страната на меѓународните средства најголемо е учеството на меѓународните официјални резерви, кои на крајот на 2006 година изнесуваа околу 8,9 милјарди евра.

### *2.1. Меѓународни средс̅т̅ва*

Меѓународните средства на Република Македонија во 2006 година продолжија да се зголемуваат и на 31.12.2006 година достигнаа износ од 2.472,7 милиони евра. Во однос на крајот од 2005 година, тие се повисоки за 18,8% (391 милион евра), при што пораст е остварен кај сите категории на меѓународни средства.

Во рамки на меѓународните средства на Република Македонија доминантно учество од 57,3% имаат меѓународните официјални резерви. На крајот на 2006 година, тие изнесуваат 1.416,7 милиони евра (го вклучува и износот добиен по основ на издадената еврообврзница во странство) и се за 26,2% (293,8 милиони евра) повисоки во однос на крајот на 2005 година.

Состојбата на директните инвестиции во странство и понатаму е релативно ниска и на крајот на 2006 година изнесува 30,1 милион евра, што е за 42,7% (22,5 милион евра) помалку во однос на крајот на 2005 година. Учеството на директните инвестиции во странство во вкупните меѓународни средства на Република Македонија, на крајот на 2006 година изнесува 1,2% (на крајот на 2005 година тоа учество изнесуваше 2,5%).

Табела 3
Меѓународни средства

(во милиони евра)

| | | | | промена (во %) | | учество (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2004** | **2005** | **2006** | **2005** | **2006** | **2005** | **2006** |
| **Меѓународни средства** | **1,589.3** | **2,081.7** | **2,472.7** | **31.0** | **18.8** | **100.0** | **100.0** |
| *Директни инвестиции во странство* | 39.9 | 52.6 | 30.1 | 31.8 | -42.7 | 2.5 | 1.2 |
| Акционерски капитал и реинвестирана добивка | 3.3 | 37.0 | 28.6 | 1,021.2 | -22.7 | 1.8 | 1.2 |
| Останат капитал | 7.6 | 15.6 | 1.5 | 105.3 | -90.2 | 0.7 | 0.1 |
| *Портфолио инвестиции* | 3.0 | 3.1 | 3.2 | 2.0 | 3.3 | 0.1 | 0.1 |
| Сопственички хартии од вредност | 3.0 | 3.1 | 3.2 | 2.0 | 3.3 | 0.1 | 0.1 |
| Банки | 2.4 | 2.5 | 2.6 | 2.5 | 4.9 | 0.1 | 0.1 |
| Останати сектори | 0.6 | 0.6 | 0.6 | 0.0 | -3.3 | 0.0 | 0.0 |
| *Останати инвестиции* | 829.5 | 903.1 | 1,022.7 | 8.9 | 13.2 | 43.4 | 41.4 |
| Трговски кредити | 196.4 | 253.5 | 335.5 | 29.1 | 32.3 | 12.2 | 13.6 |
| Останати сектори | 196.4 | 253.5 | 335.5 | 29.1 | 32.3 | 12.2 | 13.6 |
| Заеми | 20.1 | 22.0 | 1.7 | 9.5 | -92.1 | 1.1 | 0.1 |
| Банки | 18.9 | 21.7 | 1.5 | 14.8 | -93.2 | 1.0 | 0.1 |
| Долгорочни | 12.2 | 12.7 | 1.1 | 4.1 | -91.4 | 0.6 | 0.0 |
| Краткорочни | 6.7 | 9.0 | 0.4 | 34.3 | -95.7 | 0.4 | 0.0 |
| Останати сектори | 1.2 | 0.3 | 0.3 | -75.0 | -16.7 | 0.0 | 0.0 |
| Долгорочни | 1.2 | 0.1 | 0.3 | -91.7 | 150.0 | 0.0 | 0.0 |
| Валути и депозити | 608.4 | 621.6 | 659.4 | 2.2 | 6.1 | 29.9 | 26.7 |
| Монетарна власт | 11.9 | 13.2 | 17.9 | 10.9 | 35.8 | 0.6 | 0.7 |
| Банки | 596.5 | 608.4 | 641.5 | 2.0 | 5.4 | 29.2 | 25.9 |
| Останати средства | 4.6 | 6.0 | 26.1 | 30.4 | 335.7 | 0.3 | 1.1 |
| *Меѓународни официјални резерви* | 716.9 | 1,122.9 | 1,416.7 | 56.6 | 26.2 | 53.9 | 57.3 |

Портфолио инвестициите на резидентите (купување на странски сопственички и должнички хартии од вредност) го задржуваат ниското ниво и на крајот на 2006 година изнесуваат околу 3,2 милиони евра. Аналогно на малиот износ, нивното учество во вкупните средства во странство е минимално и изнесува 0,1% на крајот на 2006 година.

Останатите инвестиции во странство воглавно се состојат од одобрените трговски кредити на нерезидентите, дадените заеми во странство и од девизните средства кои банките ги држат во странство. Состојбата на оваа позиција на крајот на 2006 година изнесува 1.022,7 милион евра, што е за 13,2% (119,6 милиони евра) повеќе во однос на крајот на 2005 година. Притоа, учеството на останатите инвестиции во вкупните меѓународни средства е значително и изнесува 41,4 % на крајот на 2006 година. Анализирано по поодделни компоненти, најзначајно учество во останатите инвестиции имаат валутите и депозитите на банкарскиот сектор кај странските комерцијални банки од 26,7%, по што следат трговските кредити со учество од 13,6% во вкупните меѓународни средства. Споредено со крајот на 2005 година, трговските кредити бележат зголемување од 32,3%, а валутите и депозитите на банките од 5,4%.

### *2.2. Меѓународни обврски*

Меѓународните обврски на Република Македонија продолжија да се зголемуваат но со помал интензитет во однос на порастот остварен во 2005 година. На крајот на 2006 година, меѓународните обврски на Република Македонија изнесуваат 4.351,2 милиони евра и во однос на состојбата на крајот на 2005 година се повисоки за 7,2%. Анализирано по поодделни компоненти, пораст бележат сите категории на меѓународни обврски, при што најинтензивен е порастот на странските директни инвестиции.

Табела 4
Меѓународни обврски

(во милиони евра)

| | | | | годишна промена (во%) | | учество (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2004 | 2005 | 2006 | 2005 | 2006 | 2005 | 2006 |
| **Меѓународни обврски** | **3,426.0** | **4,060.1** | **4,351.2** | **18.5** | **7.2** | **100.0** | **100.0** |
| *Директни инвестиции во земјата* | 1,610.2 | 1,769.0 | 2,098.6 | 9.9 | 18.6 | 43.6 | 48.2 |
| Акционерски капитал и реинвестирана добивка | 1,366.1 | 1,579.6 | 1,863.4 | 15.6 | 18.0 | 38.9 | 42.8 |
| Останат капитал | 244.1 | 189.4 | 235.2 | -22.4 | 24.2 | 4.7 | 5.4 |
| *Портфолио инвестиции* | 52.7 | 232.2 | 278.3 | 340.9 | 19.9 | 5.7 | 6.4 |
| Сопственички хартии од вредност | 29.4 | 44.7 | 86.6 | 52.1 | 93.5 | 1.1 | 2.0 |
| Банки | 14.0 | 25.0 | 80.7 | 78.7 | 222.2 | 0.6 | 1.9 |
| Останати сектори | 15.4 | 19.7 | 5.9 | 28.1 | -70.0 | 0.5 | 0.1 |
| Должнички хартии од вредност | 23.3 | 187.5 | 191.7 | 705.9 | 2.3 | 4.6 | 4.4 |
| *Останати инвестиции* | 1,763.1 | 2,058.9 | 1,974.3 | 16.8 | -4.1 | 50.7 | 45.4 |
| Трговски кредити | 356.9 | 387.3 | 369.2 | 8.5 | -4.7 | 9.5 | 8.5 |
| Останати сектори | 356.9 | 387.3 | 369.2 | 8.5 | -4.7 | 9.5 | 8.5 |
| Долгорочни | 34.3 | 24.9 | 19.6 | -27.6 | -21.1 | 0.6 | 0.5 |
| Краткорочни | 322.6 | 362.5 | 349.6 | 12.4 | -3.6 | 8.9 | 8.0 |
| Заеми | 1,333.8 | 1,570.1 | 1,407.2 | 17.7 | -10.4 | 38.7 | 32.3 |
| Монетарна власт | 46.0 | 52.7 | 42.4 | 14.6 | -19.5 | 1.3 | 1.0 |
| Држава | 993.2 | 1,095.4 | 875.2 | 10.3 | -20.1 | 27.0 | 20.1 |
| Банки | 65.5 | 111.1 | 146.3 | 69.5 | 31.7 | 2.7 | 3.4 |
| Долгорочни | 57.6 | 108.8 | 146.3 | 88.7 | 34.5 | 2.7 | 3.4 |
| Краткорочни | 7.9 | 2.3 | 0.0 | -70.8 | -100.0 | 0.1 | 0.0 |
| Останати сектори | 229.1 | 311.0 | 343.3 | 35.8 | 10.4 | 7.7 | 7.9 |
| Долгорочни | 215.8 | 248.8 | 331.7 | 15.3 | 33.3 | 6.1 | 7.6 |
| Краткорочни | 13.3 | 62.2 | 11.7 | 369.3 | -81.3 | 1.5 | 0.3 |
| Валути и депозити | 51.9 | 73.7 | 112.8 | 42.1 | 53.2 | 1.8 | 2.6 |
| Банки | 51.9 | 73.7 | 112.8 | 42.1 | 53.2 | 1.8 | 2.6 |
| Останати обврски | 20.5 | 27.8 | 85.1 | 35.5 | 205.6 | 0.7 | 2.0 |

Состојбата на портфолио инвестициите на нерезиденти (купување на домашни сопственички и должнички хартии од вредност) на крајот на 2006 година изнесува 278,3 милиони евра и е за 19,9% (46,1 милион евра) повисока во однос на крајот на 2005 година. Портфолио инвестициите во структурата на вкупните меѓународни обврски учествуваат со 6,4% на крајот на 2006 година. Анализирано по видови на хартии од вредност, обврските по должнички хартии од вредност издадени од страна на државата учествуваат со 68,9% во вкупните портфолио инвестиции на нерезидентите (најголем дел произлегува од издадената еврообврзница од страна на државата), додека учеството на обврските по сопственички хартии од вредност (со сопственост под 10% од капиталот) изнесува 31,1%.

Останатите обврски кон странство се состојат воглавно од обврските на резидентите по основ на користени заеми и трговски кредити, како и обврските на банките по основ на депозити на нерезиденти. Обврските по останатите инвестиции на крајот на 2006 година изнесуваат 1.974,3 милиони евра и се за 4,1% (84,6 милиони евра) намалени во однос на крајот на 2005 година. Аналогно, нивното учество во вкупните меѓународни обврски на земјата од 50,7% на крајот на 2005

година се намали на 45,4% на крајот на 2006 година. Анализирано по пооделни компоненти, најзначајно учество во обврските по останатите инвестиции имаат користените заеми од странство (71,3%), по што следат трговските кредити со учество од 18,7% и валутите и депозитите на банките со учество од 5,7%.

Споредено со крајот на 2005 година, користените заеми од странство бележат значајно намалување од 10,4% (162,9 милиони евра), како резултат на целосната отплата на долгот кон Лондонскиот клуб на доверители од страна на државата. Од друга страна, долгот на приватниот сектор по основ на користени заеми од странство бележи значајно зголемување од 16,0% (кај банките порастот изнесува 31,7%, а кај останатите сектори 10,4%). Кај трговските кредити е регистрирано намалување од 4,7% (30,4 милиони евра), додека депозитите на нерезидентите кај банките се зголемени за 53,2% (39,1 милион евра).

### *2.2.1. Странски директни инвестиции*

Нивото на странски директни инвестиции во Република Македонија на крајот на 2006 година изнесува 2.098,6 милиони евра, односно 41,6% од бруто домашниот производ на земјата. Учеството на странските директни инвестиции во вкупните меѓународни обврски на Република Македонија на крајот на 2006 година е најголемо и изнесува 48,2%. Споредено со крајот на 2005 година, состојбата на странските директни инвестиции во земјата е зголемена за 18,6% (329,6 милиони евра), а нивното учество во вкупните меѓународни обврски за 4,6 процентни поени.

Табела 5
Состојба на странски директни инвестиции

(во евра)

| | **Директни инвестиции** *Direct Investment* | | | |
|---|---|---|---|---|
| Година *Year* | Вкупно *Total* | Акционерски капитал *Equity capital* | Побарувања *Claims* | Обврски *Liabilities* |
| 1 | 2=3-4+5 | 3 | 4 | 5 |
| 1997 | 141,223,353 | 102,875,717 | 12,128,860 | 50,476,496 |
| 1998 | 270,369,051 | 219,510,842 | 12,805,260 | 63,663,469 |
| 1999 | 359,901,026 | 284,255,868 | 15,704,370 | 91,349,528 |
| 2000 | 580,051,855 | 497,716,430 | 16,945,828 | 99,281,253 |
| 2001 | 1,039,153,449 | 946,278,458 | 40,842,047 | 133,717,038 |
| 2002 | 1,160,707,392 | 1,056,574,305 | 46,345,461 | 150,478,548 |
| 2003 | 1,292,135,292 | 1,181,978,098 | 47,980,117 | 158,137,311 |
| 2004 | 1,610,221,252 | 1,366,108,823 | 36,704,312 | 280,816,741 |
| 2005 | 1,768,974,786 | 1,579,619,264 | 74,535,663 | 263,891,185 |
| 2006 | 2,098,572,637 | 1,863,347,103 | 80,912,242 | 316,137,776 |

Анализирано по пооделни компоненти, акционерскиот капитал и реинвестираната добивка имаат доминантно учество од 88,8% (1.863,3 милиони евра) во вкупниот износ на странски директни инвестиции на крајот на 2006 година. Долгот на меѓусебно поврзаните субјекти по основ на користени заеми и кредити (останат капитал) учествува со 11,2% (235,2 милиони евра) во состојбата на странските директни инвестиции на крајот на 2006 година. Споредено со крајот на 2005 година, акционерскиот капитал и реинвестираната добивка бележат зголемување од 18%, како резултат на зголемено инвестирање (главно поради продажбата на ЕСМ на странски инвеститор) и остварен позитивен финансиски резултат на фирмите со странски капитал во 2006 година. Порастот кај останатиот капитал (нето обврски

на меѓусебно поврзани субјекти) во 2006 година изнесува 24,2% (45,8 милиони евра).

Анализата на странските директни инвестиции по земји покажува дека со состојба 31.12.2006 година најголеми странски директни инвеститори во Република Македонија се Унгарија, Грција, Австрија, Холандија и Кипар. На овие 5 земји отпаѓаат 61% од вкупните странски директни инвестиции во Република Македонија на крајот на 2006 година. Анализирано поединечно, учеството на Унгарија е најголемо и изнесува околу 17% (350 милиони евра) во вкупните странски директни инвестиции во Република Македонија, што се должи на приватизацијата во телекомуникациите во 2001 година. По Унгарија следуваат грчките инвеститори, кои до крајот на 2006 година инвестирале 320 милиони евра, односно околу 15% од вкупните странски директни инвестиции во Република Македонија. Притоа, странските директни инвестиции од Грција се алоцирани во следните дејности: услужни дејности (финансиско посредување, трговија и др.), производство (рафинирање на нафта, прехрамбена и текстилна индустрија), градежништво, рударство и екстракција (индустрија на мермер).

***Графикон бр.1:*** *Странски директни инвестиции*

*(состојби, во евра)*




Трета земја на листата на 5-те најголеми земји инвеститори е Австрија која до крајот на 2006 година инвестирала 219 милиони евра (10% од вкупните странски директни инвестиции), во најголем дел алоцирани во дејноста снабдување со електрична енергија. Релативно високо учество од 9% (182 милиони евра) имаат и странските директни инвестиции од Кипар, алоцирани во: производство (прехрамбена и хемиска индустрија) и услужни дејности (финансиско посредување, недвижен имот и деловни активности, трговија и др).

***Графикон бр.2:*** *Странски директни инвестиции во Република Македонија по дејности*

*(во %, крај на 2006 година)*




Анализата по дејности покажува дека најголем дел, или 47% од странските директни инвестиции во Република Македонија на крајот на 2006 година е лоциран во секторот на услуги, од кои доминантно во транспортот и комуникациите (20%) и во финансиското посредување (13%). Во производството се лоцирани 38% од вкупните странски директни инвестиции во земјата, од кои најголем дел во производството на метални производи (12%) и во производството на прехрамбени производи (9%).

Од аспект на видот на инвестицијата, странските директни инвестиции се класифицираат на: нови инвестиции (гринфилд инвестиции), постојни инвестиции (мерџери и аквизиции - инвестиции во веќе основани фирми) и останати инвестиции (инвестиции во различни организации и фондации). Согласно оваа класификација, на крајот на 2006 година од вкупниот инвестиран капитал во Република Македонија, странските инвеститори вложиле 57% во постоечки фирми (постојни инвестиции), додека во ново основани фирми вложиле 43% (нови инвестиции). Износот на останатите инвестиции во Република Македонија е незначителен.